Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 05-1658/2
22.03. 2019 година
Скопје

Врз основа на член 28 став 1 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15 , 192/15,27/16, 120/16 и 165/17) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/2010 и 51/2011), со овластување на министерот за правда, заменикот министер донесе

# О Д Л У К А

## за набавка на услуга за одржување и техничка поддршка за ИП телефонија

1. За потребите на Министерство за правда да се изврши за јавна набавка на услуга за одржување и техничка поддршка за ИП телефонија, согласно техничка спецификација во тендерска документација.

2. Проценетата вредност на јавната набавка од точка 1 на оваа одлука изнесува 200.000,00 денари без ДДВ, ДДВ со износ од 36.000,00 денари односно вкупна вредност од 236.000,00 со вклучен 18% ДДВ.
За реализација на оваа набавка потребните средства се обезбедени од Буџетот на Министерството за правда за 2019 превиден во ГПЈН за 2019година, а плаќањето ќе се врши од редовна буџетска сметка на Министерството за правда 637, програма 10-администрација, ставка 424 – поправки и тековно одржување.

3. Јавната набавка од точката 1 на оваа одлука, да се изврши со постапка со барање за прибирање на понуди согласно член 100 став 3 алинеа 1 од Законот за јавни набавки со објавување на оглас за доделување на договор за јавна набавка, која ќе се спроведе преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), со спроведување на електронска аукција (Е-Аукција), согласно Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17).

4. Критериум за избор на најповолен понудувач да биде: **најниска цена.**

5. За спроведување на постапката од оваа одлука се формира комисијата за јавни набавки следниот состав:

- Претседател на комисија: Ацо Живковски
- Членови: - Александар Кутев
  - Михајло Војтиков

- Заменик претседател на комисија: Нофка Стојанова
- Заменик Членови: - Насер Ќамили
  - Јетон Халили

6. Се задолжува Комисијата за јавни набаваки од точката 5 да ја спроведе постапката за доделување на договор за јавна набавка на услуга од оваа одлука, согласно Законот за јавни набавки.

7. Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

Овластено лице од Министерот за правда
Заменик министер
Оливер Ристовски

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

Подготвил: Марина Миновска, Советник
Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение